**20150070125**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА**

Врз основа на член 10-н став (2) од Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/98, 89/08, 116/10 и 187/13), министерот за култура, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛЕКТОРСКАТА ЛИЦЕНЦА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на лекторската лиценца.

Член 2

На кандидатот кој го положил испитот за добивање на лекторска лиценца му се издава лиценца на образец кој се печати на тврда хартија во бела боја со А4 формат.

Лиценцата од став 1 на овој член содржи: натпис: „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА“; законски основ за издавање на лиценцата, наслов: „ЛЕКТОРСКА ЛИЦЕНЦА“, број на лиценцата; име, татково име и презиме на носителот на лиценцата; година и место на раѓање; податоци за стручната подготовка на носителот на лиценцата; датум на дипломирањето и назив на Универзитетот на кој дипломирал; ден, месец и година кога носителот на лиценцата го положил испитот за добивање на лекторска лиценца и се стекнал со право за лекторирање; број и датум на издавање на лиценцата и име и презиме и потпис на министерот за култура и место за печат.

Образецот на лекторската лиценца е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 55 -324/1
12 јануари 2015 година
Скопје

Министер за култура,
д-р **Елизабета Канческа Милевска**, с.р.

**Образец**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА**

Врз основа на член 10-н став (2) од Законот за употребата на македонскиот јазик, министерот за култура издава

**ЛЕКТОРСКА ЛИЦЕНЦА**
**Број___**
**на**

**_____________________________________________**
**(Име, татково име и презиме на носителот на лиценцата)**

роден/а на __________________ година во ______________________ општина _____________, Република Македонија, со стручна подготовка ____________________ и диплома издадена на ден _____________ година од __________________________________________.

**На ден _______________ година носителот на лиценцата го положи испитот за добивање на лекторска лиценца и се стекна со право за лекторирање.**

**Бр. ________________**
**____.____.________ година**
**Скопје,**

**МИНИСТЕР ЗА КУЛТУРА,**

________________________

**МП**